**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**
Број:02-93/38
Датум: 21.1.2019 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, а во врска со Одлуката бр. 02-1929/39 од 21.10.2015 година, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 23.1.2019 година донесе

# ОДЛУКА

за определување дополнителни рокови за полагање

1. На студентите запишани на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, заклучно со учебната 2011/2012 година, кои не се префрлиле на новите, соодветни, студиски програми и кои имаат право да ги завршат започнатите студии заклучно со учебната 2018/2019 година, им се даваат три дополнителни испитни сесии за полагање на ислушаните, а неположени предмети.

2. Дополнителните испитни сесии ќе се организираат во месеците: **март, април и мај** 2019 година, во термини што ќе бидат утврдени во договор со предметните наставници.

3. Пријавувањето ќе биде преку Одделението за студентски прашања, според важечките акти на Факултетот.

4. Студентите од точка 1 на оваа одлука при пријавување на испитот приложуваат и уплатница на износ од 1.500 денари.

5. Одлуката да се достави до ННС, Одделението за студентски прашања, веб страницата на Факултетот, сметководството и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски